Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
## од Осумдесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 13 јули 2021 година

Скопје, јули 2021 година

**З А П И С Н И К**
**од Осумдесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 13 јули 2021 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија започна во 12:40 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев.

На седницата присуствуваа Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците и Љупчо Николовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси, членовите на Владата: Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Бојан Маричиќ, министер за правда, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа, д-р Ирена Стефоска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Мухамед Зеќири.

На седницата присуствуваа и Лила Пејчиновска Миладиновска секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и Башким Хасани, заменик на министерот за одбрана и д-р Арафат Шабани, заменик на министерот за образование и наука, како и Калинка Габер, државен секретар во Секретаријатот за европски прашања.

На седницата присуствуваа и Пеце Мирчевски, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Васко Ковачевски, директор на Електрани на Република Северна Македонија, м-р Ардита Дани, директор на Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица“ (в.к.в) и Душко Арсовски и Муамет Хоџа, портпароли на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа м-р Никола Димитров, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна

Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и членовите на Владата м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, министер за одбрана и Мила Царовска, министер за образование и наука.

*

*         *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

- Усвојување на Записник од 83-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 29 јуни 2021 година

- Усвојување на Записник од 84-та (тематска) седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 5 јули 2021 година

- Усвојување на Записник од 85-та (тематска) седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 6 јули 2021 година

- Усвојување на Записник од 86-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 6 јули 2021 година

ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД:

- **Користење и имплементација на фондовите од Европската Унија**
    - Агенда Европа дома

- **Информација за Економско-финансиските дијалог помеѓу ЕУ и Западен Балкан и Турција и Програмата на економски реформи 2022-2024**

- **Информација за степенот на реализација на мерките од Планот за борба против корупција заклучно со 13 јули 2021 година**

1. Одлука за давање согласност на Статутарна одлука за дополнување на Статутот на Јавното претпријатие Колекторски систем-Скопје

2. Информација за тужбата поднесена од Друштво за производство, трговија и услуги „Пуцко петрол“ увоз-извоз ДООЕЛ с.Пласница од Пласница против Република Северна Македонија и Општина Карпош (М бр.87/20)

3. Одлуки за давање согласност за отстапување на одземени предмети (машини за перење и разна стока) во прекршочна и во управна постапка

4. Одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности ДП 03-120/21 (КП 155 КО Струга)

5. Информација со предлог за разгледување и одобрување на иницијативата за потпишување на Меморандуми (два) за разбирање помеѓу Националниот комитет за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам (НКСНЕБПТ) од една страна, Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и Македонското здружение на млади правници (МЗМП), од друга страна, во рамките на проектот финансиран од ГЦЕРФ Глобален фонд за зајакнување на отпорноста за заедницата: Во оригинал – Global Community Engagement and Resilience Fund (GCERF)

6. Одлука за давање на трајно користење на недвижна ствар на Јавно претпријатие за стопанисување со објекти за спорт во сопственост на Република Северна Македонија

7. Информација со одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (Агенција за вработување на Република Северна Македонија)

8. Одлука за продажба на движни ствари (патнички моторни возила)

9. Барање на согласност за спроведување на постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и /или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, со Предлог – одлука

10. Барање за донесување на Одлука за согласност за престанок и давање на користење на движни ствари

11. Одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Општина Штип

12. Одлука за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба на Друштвото за производство, трговија и услуги В и Е експорт-импорт ДООЕЛ Штип

13. Информација за донесување на одлука за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија, со јавно наддавање, за изградба на објект со основна класа на намена: Е2 – комунална супраструктура, КП 346/3 за КО Стенче (фотоволтаична централа), со Предлог – одлука

14. Информација за донесување на одлука за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија, со јавно наддавање, за изградба на објект со основна класа на намена: Е2 – комунална супраструктура, КП 346/4 за КО Стенче (фотоволтаична централа), со Предлог – одлука

15. Завршна сметка на Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, со Конечен извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на усогласеност на Основниот буџет на Република Северна Македонија за 2020 година

16. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за концесиии и јавно приватно партнерство, по скратена постапка

17. Информација во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – минерална вода на локалитетот „Варвара-Долна Маала", Општина Теарце, со Предлог – одлука

18. Информација во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – варовник на локалитетот „Думановце" Општина Липково, со Предлог – одлука

19. Информација за продажба на недвижни ствари во Прилеп, сопственост на Република Северна Македонија-корисник Министерство за финансии, со Предлог-одлука

20. Информација со методологија за процена на штети од природни непогоди и други несреќи

21. Информација во врска со Одлуката за распределба на средства остварени по основ на надоместок за производство на енергија од фосилни горива како наменски дотации на општините за 2020 година, со одлука

22. Информација со Предлог-одлука за распределба на средства остварени по основ на надоместок за производство на енергија од фосилни горива како наменски дотации на општините за 2021 година

23. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Г4-стоваришта КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево, со одлука

24. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А4 – времено сместување КО Раштак, Општина Гази Баба, со одлука

25. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г2-лесна незагадувачка индустрија (рибник) КО Горно Врановце, Општина Чашка, со одлука

26. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на проект за инфраструктура за изградба на објекти со основна класа на намена Е1-комунална инфраструктура и Е2-комунална супраструктура-ветерен парк Дрен-дел 2 КО Демир Капија, КО Дрен, Општина Демир Капија, со Предлог-одлука

27. Информација во врска со барање за склучување на Анекс договори кон склучените Договори за концесија на риби за вршење стопански и организирање рекреативен риболов

28. Информација за потребата од прогласување на дел од Малешево за заштитено подрачје во категоријата V-заштитен предел, со Предлог-одлука

29. Предлог – одлука за престанок и давање на трајно користење на недвижна ствар на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам

30. лиценца за приредување на игри на среќа во казино (на Друштвото за угостителство, туризам и услуги „Макотен“ ДООЕЛ Гевгелија, во деловната просторија во хотел „Фламинго“ кој се наоѓа на Граничен премин Богородица бр.13, Гевгелија)

31. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за полиција

32. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за внатрешни работи

33. Предлог за поведување постапка за водење на преговори за склучување на Договор меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Елинска Република за соработка во борбата против криминалот, со Нацрт-текст на Договор

34. Предлог-стратегија за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот за периодот 2021 – 2023 година, со Акциски план

35. Одлука за воспоставување дипломатски односи меѓу Република Северна Македонија и Република Филипини

36. Информација за давање согласност на Министерството за правда за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, со Предлог – одлука

37. одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за одбрана

38. одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за одбрана

39. Предлог на закон за материјално обезбедување на невработените лица поради приватизацијата на претпријатијата со доминантна сопственост на државата, по скратена постапка

40. Уредба за методологија за утврдување на критериумите за распределба на блок дотации од областа на културата во 2022 година

41. Информација за одземање на одобрение за основање на приватна установа за деца-детска градинка „Бушава азбука – кидс“ во Скопје, со одлука

42. Информација за Национална стратегија за дроги на Република Северна Македонија 2021-2025 и Акциски план 2021-2023 година за спроведување на Националната стратегијата за дроги, со Предлог национална стратегија за дроги на Република Северна Македонија 2021-2025 и Предлог акциски план 2021-2023 година за спроведување на Националната стратегијата за дроги

43. Информација за измена на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштвото за производство, услуги и трговија на големо и мало „Фрст медикал канабис“ увоз-извоз ДООЕЛ Битола, со Предлог-одлука

44. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за државјанството на Република Македонија, по скратена постапка

45. Извештај за реализација на Годишната програма за работа и развој на Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2020 година, проследен со финансиско-сметководствени извештаи, заедно со Извештајот на независниот ревизор

46. Годишен извештај на Агенцијата за супервизија на осигурување за состојбата и движењата на осигурителниот пазар во 2020 година

47. Финансиски извештаи на Агенцијата за супервизија на осигурување за 2020 година, со Извештај од независен ревизор

48. Годишен извештај за работењето на Агенцијата за супервизија на осигурување за 2020 година

49. Годишен извештај за работењето на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување во 2020 година и Финансиските извештаи за 2020 година, ревидирани од надворешен овластен ревизор

50. Барање за давање на автентично толкување на член 173 став (12) а во врска со членот 175 став (2) од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18), поднесено од пратениците Халил Снопче, Зеќир Рамчиловиќ, Бисера Костадиновска-Стојчевска, Иванка Василевска и Хусни Исмаили

51. Посебен извештај за попречување на работата до непосредно повисокиот орган

52. Понуда од нотар Наташа Велеска од Прилеп за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 34102 за КО Прилеп и Имотен лист бр. 40295 за КО Прилеп

53. Понуда од нотар Сихана Зибери-Шабани од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 105595, за КО Бутел, на КП бр. 4481, Викано место/улица Македонско-косовска бригада бр. 60 и Имотен лист бр. 16273, за КО Бутел, на КП бр. 4481, Викано место/улица Македонско-косовска бригада

54. Понуда од нотар Љупчо Јорданов од Радовиш за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.82496 за КО Радовиш на КП бр. 4517/1 за викано место/улица Бул.А.Македонски

55. Понуда од нотар Виолета Петровска-Стефановска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.65518 за КО Волково на КП бр.231, викано место/улица Кремењарник

56. Понуда од нотар Јасмина Радончиќ од Скопје за продажба на недвижен имот – градежно земјиште кое претставува 636/734 идеален дел од КП бр.1133/4 и КП бр.1138/3, викано место/улица ул.840 БИС, КО Маџари, со Имотен лист бр.68654

57. Понуда од нотар Лидија Смиљаноска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.93570 за КО Чаир на КП бр.1472,1474,1475 и 1476

58. Понуда од нотар Ана Брашнарска од Скопје за продажба на недвижен имот на КП бр.1947/1 со Имотен лист бр.736 за КО Бардовци

59. Понуда од нотар Трајко Маркоски од Прилеп за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.36989 за КО Прилеп на КП бр.18017/3, Имотен лист бр.36990 за КО Прилеп на КП бр.18017/1 и Имотен лист бр.34174 за КО Прилеп на КП бр.18017/1

60. Кадровски прашања

61. Прашања и предлози

62. Конечен извештај за извршена ревизија на усогласеност на Спроведување на Законот за постапување со бесправно изградени објекти во Општина Струга

63. Финансиски извештај на Јавното претпријатие Колекторски систем Скопје, за периодот 1 јануари 2021 година-31 март 2021 година

64. Информација за продажба на недвижна ствар во Скопје сосопственост од 7/51 идеален дел на Република Северна Македонија – корисник Министерство за финансии

65. Информација за акциски план „Ефикасно третирање и справување со пластичниот отпад“, и коригиран текст на Акциски план

66. Информација во врска со можноста поставеноста на Националниот координативен центар за гранично управување да биде во рамките на Министерството за внатрешни работи

67. Годишен извештај за работа на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија за 2020 година

68. Информација на АД за производство на електрична енергија ЕСМ во државна сопственост, Скопје за состојбата со водоснабдување на РЕК Осломеј

69. Програма за изменување и дополнување на Програмата за потребите од специјалистички и супспецијалистички кадри согласно со мрежата на здравствени установи (2019 – 2022)

70. Информација за Предлог на национална стратегија за развој на пенитенцијарниот систем во Република Северна Македонија 2021-2025 година, со Предлог на националната стратегија за развој на пенитенцијарниот систем во Република Северна Македонија 2021-2025 година

71. Информација за автентично толкување на член 21, став 1, точка 4 од Законот за данокот на добивка („Службен весник на Република Македонија“ бр.112/14, 129/15, 23/16, 190/16 и 248/18), со Предлог – барање

72. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување, по скратена постапка

73. Меморандум за соработка помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска (Владата на Велика Британија)

74. Информација за формирање на работна група за ИКТ координација заради дигитализација на процесите

75. одлука за давање под долготраен закуп со непосредна спогодба на градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија за изградба на објекти од јавен интерес утврдени со закон

76. Информација во врска со начинот на функционирање на мобилната лабораторија за испитување на квалитет на течни горива и потреба од нејзино доопремување со опрема за мострирање и тестирање на мазут

77. Информација за обезбедени просторни услови за Државниот инспекторат за локална самоуправа согласно задолжението од 51-та седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на 9.3.2021 година, со Предлог – одлука

78. Информација за изменување на Протоколот Б кон Договорот за слободна трговија меѓу ЕФТА државите и Република Македонија кој се однесува на дефинирање на концептот „производи со потекло“ и методи на административна соработка, измена на Договорот за земјоделски производи склучен со размена на писма меѓу Република Македонија и Швајцарската Конфедерација, измена на Протоколот за земјоделство меѓу Република Македонија и Кралството Норвешка и измена на Протоколот за земјоделство склучен со размена на писма меѓу Република Македонија и Исланд

79. Информација во врска со извршената евалуација од Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална

суровина–мермер на локалитетот „с.Ореовец“ Општина Прилеп 6/2021 („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.123/21), со Предлог–одлука

80. Информација за изменување и дополнување на Кодексот за етичко однесување за членовите на Владата и носителите на јавни функции именувани од страна на Владата, со Предлог-кодекс

81. Информација со Анализа на просторните услови, човечките ресурси и на неопходните средства за работа на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија

82. Информација за донирање на неперспективен тип на оружје-ТОП ПАВ 20 мм М38 – четвороцевен (Н) на Министерството за одбрана на Република Словенија-Воен музеј на Република Словенија

83. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за државјанството на Република Македонија, по скратена постапка

84. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за рамномерен регионален развој, по скратена постапка

*

*   *

Владата без забелешки ги усвои записниците од 83-та, 84-та (тематска), 85-та (тематска) и 86-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржани на 29 јуни 2021 година, 5 јули 2021 година и 6 јули 2021 година.

*

*   *

ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД:

- **Користење и имплементација на фондовите од Европската Унија**

-Агенда Европа дома

Владата не расправаше по материјалот Агенда Европа дома (статус 13.7.2021 година).

- **Информација за Економско-финансискиот дијалог помеѓу ЕУ и Западен Балкан и Турција и Програмата на економски реформи 2022-2024**

Владата ја разгледа Информацијата за Економско – финансискиот дијалог помеѓу Европска Унија, Западен Балкан и Турција и Програмата на економски реформи 2022-2024 година, ја усвои Информацијата и ги задолжи заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, министерот за економија, министерот за образование и наука, министерот за транспорт и врски, министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, министерот за информатичко општество и администрација, министерот за труд и социјална политика, министерот за здравство, министерот за животна средина и просторно планирање, директорот на Бирото за јавни набавки, директорот на Фондот за иновации и технолошки развој и директорот на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија да учествуваат на состанокот на 21 јули 2021 година за разгледување на начинот на спроведување на заедничките заклучоци од Економско-финансискиот дијалог со Европската Унија од 12 јули 2021 година и можните реформски мерки во Програмата на економски мерки 2022 – 2024.

- **Информација за степенот на реализација на мерките од Планот за борба против корупција заклучно со 13 јули 2021 година**

Владата ја разгледа Информацијата за степенот на реализација на мерките од Планот за борба против корупција заклучно со 13 јули 2021 година, ја усвои Информацијата и заклучи:

1. По однос на задолжението на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси да достави Предлог – решение за формирање на работна група за подготовка на предлог на закони поради дигитализација на процеси, да се промени рокот за доставување на предлог на законите за изменување и дополнување на соодветните закони до Собранието на Република Северна Македонија, односно рокот наместо до 20 септември да биде до 31 август.

2. Да се следат сите органи на државната управа, институциите кои немаат статус на органи на државна управа и единиците на локланата самоуправа по однос на задолжението кое се однесува на назначување на овластено лице за прием на пријави доставени поради заштитено внатрешно пријавување согласно Законот за заштита на укажувачи како и објавување на овластеното лице на веб-страницата на институциите.

*

*    *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Статутарната одлука за дополнување на Статутот на Јавното претпријатие „Колекторски систем", во предложениот текст.

**Точка 2**

Владата ја симна од Дневниот ред Информацијата за тужбата поднесена од Друштво за производство, трговија и услуги „Пуцко петрол" увоз-извоз ДООЕЛ с.Пласница од Пласница против Република Северна Македонија и Општина Карпош (М бр.87/20).

**Точка 3**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилна одлука на Општина Кичево (бр.09-2298/1 од 10.6.2021 година), во предложениот текст.

2. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилна одлука на Општина Дебар (бр.09-1951/2 од 10.6.2021 година), во предложениот текст.

3. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Општина Гостивар (бр.09-2041/1 од 10.6.2021 година), во предложениот текст.

4. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилна одлука на Општина Бутел (бр.09-2296/1 од 10.6.2021 година), во предложениот текст.

5. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилна одлука на Општина Битола (бр.09-1945/2 од 10.6.2021 година), во предложениот текст.

6. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Општина Боговиње (бр.09-2295/1 од 10.6.2021 година), во предложениот текст.

7. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Општина Битола (бр.09-1952/2 од 10.6.2021 година), во предложениот текст.

8. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилна одлука на Општина Битола (бр.09-1948/2 од 10.6.2021 година), во предложениот текст.

9. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилна одлука на Општина Гостивар (бр.09-2081/2 од 10.6.2021 година), во предложениот текст.

10. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Општина Виница (бр.09-1947/2 од 10.6.2021 година), во предложениот текст.

11. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилна одлука на ЈЗУ Општа болница Охрид (бр.09-2294/1 од 10.6.2021 година), во предложениот текст.

12. Новиот текст на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на ЈЗУ Здравствен дом Гостивар (бр.09-2293/1 од 10.6.2021 година), во предложениот текст.

13. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилна одлука на Општина Ѓорче Петров (бр.09-1897/2 од 10.6.2021 година), во предложениот текст.

14. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Општина Кисела Вода (бр.09-1803/2 од 10.6.2021 година), во предложениот текст.

15. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилна одлука на Општина Чаир (бр.09-1968/2 од 10.6.2021 година), во предложениот текст.

16. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилна одлука на Општина Чашка (бр.09-1989/2 од 10.6.2021 година), во предложениот текст,

17. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Општина Чешиново-Облешево (бр.09-2302/2 од 10.6.2021 година), во предложениот текст.

18. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Општина Чучер-Сандево (бр.09-1877/2 од 10.6.2021 година), во предложениот текст.

19. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Општина Чаир (бр.09-2301/1 од 10.6.2021 година), во предложениот текст.

20. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилна одлука на Општина Тетово (бр.09-1956/2 од 10.6.2021 година), во предложениот текст.

21. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилна одлука на Општина Центар (бр.09-1931/2 од 10.6.2021 година), во предложениот текст.

22. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Општина Ресен (бр.09-1990/2 од 10.6.2021 година), во предложениот текст.

23. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилна одлука на Општина Сарај (бр.09-1974/2 од 10.6.2021 година), во предложениот текст.

24. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Општина Старо Нагоричане (бр.09-2161/2 од 10.6.2021 година), во предложениот текст.

25. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Општина Струга (бр.09-1963/2 од 10.6.2021 година), во предложениот текст.

26. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилна одлука на Општина Струмица (бр.09-2083/2 од 10.6.2021 година), во предложениот текст.

27. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилна одлука на Општина Пласница (бр.09-2300/1 од 10.6.2021 година), во предложениот текст.

28. Новиот текст на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Општина Кавадарци (бр.09-2299/1 од 10.6.2021 година), во предложениот текст.

29. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилна одлука на Општина Куманово (бр.09-2000/2 од 10.6.2021 година), во предложениот текст.

30. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Општина Крива Паланка (бр.09-2007/2 од 10.6.2021 година), во предложениот текст.

31. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилна одлука на Општина Гази Баба (бр.09-2147/2 од 10.6.2021 година), во предложениот текст.

32. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилна одлука на Општина Липково (бр.09-1964/2 од 10.6.2021 година), во предложениот текст.

33. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Општина Македонски Брод (бр.09-1970/2 од 10.6.2021 година), во предложениот текст.

34. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилна одлука на Општина Радовиш (бр.09-2090/2 од 10.6.2021 година), во предложениот текст.

35. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилна одлука на Општина Неготино (бр.09-1966/2 од 10.6.2021 година), во предложениот текст.

36. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Општина Охрид (бр.09-1954/2 од 10.6.2021 година), во предложениот текст.

37. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Општина Валандово (бр.09-2303/1 од 10.6.2021 година), во предложениот текст.

38. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилна одлука на ЈЗУ Специјална болница за ортопедија и трауматологија „Св. Еразмо“-Охрид (бр.09-2297/1 од 10.6.2021 година), во предложениот текст.

39. Новиот текст на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Здравствен дом Центар Жупа (бр.09-1988/2 од 10.6.2021 година), во предложениот текст.

40. Новиот текст на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилна одлука на ЈЗУ Здравствен дом „Академик проф. д-р Димитар Арсов“, Крива Паланка (бр.09-1946/2 од 10.6.2021 година), во предложениот текст.

41. Новиот текст на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилна одлука на ЈЗУ Здравствен дом Македонски Брод (бр.09-2304/1 од 10.6.2021 година), во предложениот текст.

42. Новиот текст на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на ЈЗУ Здравствен дом Неготино-Неготино (бр.09-1967/2 од 10.6.2021 година), во предложениот текст.

43. Новиот текст на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на ЈЗУ Здравствен дом Ресен (бр.09-1957/2 од 10.6.2021 година), во предложениот текст.

44. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилна одлука на ЈЗУ Специјализирана болница за белодробни заболувања и ТБЦ – Лешок (бр.09-2306/1 од 10.6.2021 година), во предложениот текст.

45. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилна одлука на ЈЗУ Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби-Скопје (бр.09-2307/1 од 10.6.2021 година), во предложениот текст.

46. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на ЈЗУ Универзитетска клиника за очни болести – Скопје (бр.09-2308/1 од 10.6.2021 година), во предложениот текст.

47. Новиот текст на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на ЈЗУ Здравствен дом „Русе Бошковски“ – Ростуше (бр.09-2040/2 од 10.6.2021 година), во предложениот текст.

48. Новиот текст на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилна одлука на Казнено-поправен дом-Идризово (бр.09-1930/2 од 10.6.2021 година), во предложениот текст.

49. Новиот текст на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилна одлука на Казнено-поправен дом-Прилеп (бр.09-1958/2 од 10.6.2021 година), во предложениот текст.

50. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Воспитно-поправен дом-Тетово (бр.09-2309/1 од 10.6.2021 година), во предложениот текст.

51. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на КПУ Затвор-Гевгелија (бр.09-1955/2 од 10.6.2021 година), во предложениот текст.

52. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на КПУ Затвор-Струмица (бр.09-2310/1 од 10.6.2021 година), во предложениот текст.

53. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на КПУ Затвор-Тетово (бр.09-1395/2 од 10.6.2021 година), во предложениот текст.

54. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на КПУ Затвор Скопје-Скопје (бр.09-2311/1 од 10.6.2021 година), во предложениот текст.

55. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилна одлука на КПУ Затвор-Штип (бр.09-2312/1 од 10.6.2021 година), во предложениот текст.

56. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилна одлука на Агенција за управување со одземен имот (бр.09-2313/1 од 10.6.2021 година), во предложениот текст.

57. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилна одлука на Агенција за управување со одземен имот (бр.09-2314/1 од 10.6.2021 година), во предложениот текст.

## Точка 4

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности, во предложениот текст.

## Точка 5

Владата ја разгледа Информацијата со предлог за разгледување и одобрување на иницијативата за потпишување на Меморандуми (два) за разбирање помеѓу Националниот комитет за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам (НКСНЕБПТ) од една страна, Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и Македонското здружение на млади правници (МЗМП), од друга

страна, во рамките на проектот финансиран од ГЦЕРФ Глобален фонд за зајакнување на отпорноста за заедницата: Во оригинал – Global Community Engagement and Resilience Fund (GCERF) и ја усвои Информацијата со следниот заклучок:

-Се задолжува Националниот координатор за спречување на насилен екстермизам и борба против тероризам да ги потпише двата меморандуми за разбирање помеѓу Националниот комитет за спречување на насилен екстермизам и борба против тероризам (НКСНЕБПТ) од една страна, Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и Македонското задружение на млади правници (МЗМП) од друга страна.

**Точка 6**

Владата ја одложи од разгледување Предлог – одлуката за давање на трајно користење на недвижна ствар на Јавно претпријатие за стопанисување со објекти за спорт во сопственост на Република Северна Македонија за наредната седница на Владата поради потребата текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за политички систем.

**Точка 7**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата со одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, во предложениот текст.

**Точка 8**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за продажба на движни ствари (патнички моторни возила), во предложениот текст.

**Точка 9**

Владата го одложи разгледувањето на Барањето на согласност за спроведување на постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и /или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, со Предлог – одлука, за наредната седница на Владата, откако истото претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна

економска политика, поради потребата Предлог – одлуката да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 10**

Владата го одложи од разгледување Барањето за донесување на Одлука за согласност за престанок и давање на користење на движни ствари, за наредната седница на Владата, поради потребата истото да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

Материјалот да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 11**

Владата ја одложи од разгледување одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Општина Штип за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата од дополнителни усогласувања со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 12**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба на Друштвото за производство, трговија и услуги В и Е експорт-импорт ДООЕЛ Штип, во предложениот текст.

**Точка 13**

Владата ја разгледа Информацијата за донесување на одлука за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија, со јавно наддавање, за изградба на објект со основна класа на намена: Е2 – комунална супраструктура, КП 346/3 за КО Стенче (фотоволтаична централа), со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и условно ја донесе Одлуката за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија, со заклучок предлагачот да го усогласи текстот на Одлуката согласно укажувањата од Мислењето на Министерството за транспорт и врски и Мислењето на Агенцијата за катастар на недвижности.

Истовремено, Министерството за економија да информира дали на предметната парцела е проектиран гасовод и што би значело тоа во функција на поставување на овие фотонапонски централи.

**Точка 14**

Владата ја разгледа Информацијата за донесување на одлука за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија, со јавно наддавање, за изградба на објект со основна класа на намена: Е2 – комунална супраструктура, КП 346/4 за КО Стенче (фотоволтаична централа), со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и условно ја донесе Одлуката за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија, со заклучок предлагачот да го усогласи текстот на Одлуката согласно укажувањата од Мислењето на Министерството за транспорт и врски и Мислењето на Агенцијата за катастар на недвижности.

Истовремено, Министерството за економија да информира дали на предметната парцела е проектиран гасовод и што би значело тоа во функција на поставување на овие фотонапонски централи.

**Точка 15**

Владата ја разгледа завршната сметка на Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, со Конечен извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на усогласеност на Основниот буџет на Република Северна Македонија за 2020 година, ја утврди и заклучи да ја достави до Собранието на Република Северна Македонија, со предлог да ја донесе.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и д-р Димитар Ковачевски, заменик на министерот за финансии, а за повереници д-р Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии и Аница Иваноска-Стрезовски и Тања Трипунова, државни советници во Министерството за финансии.

**Точка 16**

Владата го разгледа новиот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за концесиии и јавно приватно партнерство, по скратена постапка го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Крешник Бектеши, министер за економија и Зоран Маневски, заменик на министерот за економија, а за повереници м-р Размена Чекиќ-Дуровиќ, државен секретар во Министерството за економија и Билјана Мицковска, раководител на сектор во Министерството за економија.

**Точка 17**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – минерална вода на локалитетот „Варвара-Долна Маала“, Општина Теарце, со Предлог – одлука, за наредната седница на Владата, поради потребата од дополнително усогласување на Министерството за економија со Министерството за животна средина и просторно планирање.

Материјалот да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

## Точка 18

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – варовник на локалитетот „Думановце“ Општина Липково, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – варовник на локалитетот „Думановце“ Општина Липково, во предложениот текст.

## Точка 19

Владата ја разгледа Информацијата за продажба на недвижни ствари во Прилеп, сопственост на Република Северна Македонија-корисник Министерство за финансии, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за продажба на недвижни ствари во Прилеп (нов текст), во предложениот текст.

## Точка 20

Владата ја разгледа Информацијата со методологија за процена на штети од природни непогоди и други несреќи и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го донесе новиот текст на Методологијата за процена на штети од природни непогоди и други несреќи, во предложениот текст.

2. Се задолжува Дирекцијата за заштита и спасување да предвиди софтверски апликации за електронско пополнување на обрасците, табелите и прилозите, со цел олеснување на процедурата на општинските комисии за процена на штети.

Истовремено, на наредната седница на Владата да се разгледа можноста Министерството за одбрана, во соработка со Дирекцијата за заштита и спасување, да подготви и во рок од два месеци да достави до Владата предлог на закон за изменување на Законот за заштита и спасување на Република Северна Македонија, со кој единствената Методологија за проценка на штети од природни непогоди и

други несреќи ќе ја донесува Владата, на предлог на Министерството за одбрана, во соработка со Дирекцијата за заштита и спасување.

**Точка 21**

Владата на предлог на предлагачот ја одложи од разгледување Информацијата во врска со одлуката за распределба на средства остварени по основ на надоместок за производство на енергија од фосилни горива како наменски дотации на општините за 2020 година, со Предлог – одлука, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата од дополнителни усогласувања на материјалот со Министерството за финансии.

**Точка 22**

Владата на предлог на предлагачот го одложи разгледувањето на Информацијата со Предлог-одлука за распределба на средства остварени по основ на надоместок за производство на енергија од фосилни горива како наменски дотации на општините за 2021 година, за наредната седница на Владата поради потребата од дополнително усогласување со Министерството за финансии.

Материјалот да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 23**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Г4-стоваришта КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево, со одлука, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Г4-стоваришта КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево, во предложениот текст.

**Точка 24**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А4 – времено сместување КО Раштак, Општина Гази Баба, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за

изградба на објект со намена А4 – времено сместување КО Раштак, Општина Гази Баба, во предложениот текст.

**Точка 25**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г2-лесна незагадувачка индустрија (рибник) КО Горно Врановце, Општина Чашка со одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Г2-лесна незагадувачка индустрија (рибник) КО Горно Врановце, Општина Чашка, во предложениот текст.

**Точка 26**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на проект за инфраструктура за изградба на објекти со основна класа на намена Е1-комунална инфраструктура и Е2-комунална супраструктура-ветерен парк Дрен-дел 2 КО Демир Капија, КО Дрен, Општина Демир Капија, со Предлог-одлука за наредната седница на Владата, откако претходно истата ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата предлагачот да обезбеди мислење од Министерството за животна средина и просторно планирање.

**Точка 27**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Барањето за склучување на анекс договори кон склучените договори за концесија на риби за вршење стопански и организирање рекреативен риболов и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство да склучи Анекс на договорот за концесија на риби за вршење стопански риболов на риболовното подрачје „Дојранско Езеро“ бр. 02-5173/1 од 10.7.2019 година согласно Решението за задолжување број 13-26-20 од 22.3.2021 година издадено од Државниот инспекторат за земјоделство.

2. Се задолжува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство да склучи Анекс на договорот за концесија на риби за организирање рекреативен риболов на рекреативната зона „Дојранско Езеро“ бр. 02-5180/1 од 10.7.2019 година согласно Решението за задолжување број 13-26-20 од 22.3.2021 година издадено од Државниот инспекторат за земјоделство.

## Точка 28

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за потребата од прогласување на дел од Малешево за заштитено подрачје во категоријата V-заштитен предел, со Предлог-одлука и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за прифатливоста на предлогот за прогласување на дел од Малешево за заштитено подрачје во категорија V-заштитен предел, во предложениот текст.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да спроведе јавна расправа по предлогот, да изготви конечен предлог за прогласување на Малешево за заштитено подрачје во категоријата V-заштитен предел и најдоцна до крајот на септември 2021 година да го достави за усвојување до Владата.

Исто така, предлагачот да ги има предвид укажувањата во мислењата на Министерството за одбрана, Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје, Управата за хидрометеоролошки работи, Агенцијата за планирање на просторот и Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта, како и Одговорот кон Мислењето на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

## Точка 29

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за престанок и давање на трајно користење на недвижна ствар на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, во предложениот текст.

## Точка 30

Владата ја издаде Лиценцата за приредување на игри на среќа во казино (на Друштвото за угостителство, туризам и услуги „Макотен“ ДООЕЛ Гевгелија, во деловната просторија во хотел „Фламинго“ кој се наоѓа на Граничен премин Богородица бр.13, Гевгелија), во предложениот текст.

## Точка 31

Владата го разгледа најновиот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за полиција и го утврди со следниве заклучоци:

1. Министерството за внатрешни работи да постапи согласно укажувањето на Секретаријатот за европски прашања.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за полиција согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи и м-р Назим Буши, заменик на министерот за внатрешни работи, а за повереници, Магдалена Несторовска, државен секретар во Министерството за внатрешни работи и Весна Доревска, помошник на министерот во Министерството за внатрешни работи.

**Точка 32**

Владата го разгледа најновиот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за внатрешни работи и го утврди со следниве заклучоци:

1. Министерството за внатрешни работи да постапи согласно укажувањето на Секретаријатот за европски прашања.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за внатрешни работи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи и м-р Назим Буши, заменик на министерот за внатрешни работи, а за повереници, Магдалена Несторовска, државен секретар во Министерството за внатрешни работи и Весна Доревска, помошник на министерот за внатрешни работи.

**Точка 33**

Владата го разгледа новиот текст на Предлогот за поведување постапка за водење на преговори за склучување на Договор меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Елинска Република за соработка во борбата против криминалот, со Нацрт-текст на Договор и го усвои Предлогот со следниве заклучоци:

1. Го прифати текстот на Договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Елинската Република за соработка во борбата против криминалот, како основа за водење на преговори.

2. Се задолжува шефот на Делегацијата и членовите на Делегацијата на Република Северна Македонија при водењето на преговорите да се придржуваат кон ставовите наведени во Предлогот за поведување постапка за водење на преговори за

склучување на Договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Елинската Република за соработка во борбата против криминалот.

3. Се овластува шефот на делегацијата на Република Северна Македонија да го парафира текстот на Договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Елинската Република за соработка во борбата против криминалот.

4. Се задолжува Делегацијата на Република Северна Македонија, во рок од 30 дена по завршените преговори, на Владата на Република Северна Македонија да и поднесе писмен извештај за завршените преговори со усогласениот, односно парафираниот текст на Договорот.

**Точка 34**

Владата ја разгледа Предлог-стратегијата за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот за периодот 2021 – 2023 година, со Акциски план (нов текст) и притоа ги донесе следните заклучоци:

1. Ја усвои Стратегијата за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот за периодот 2021 – 2023 година, со заклучок Министерството за внатрешни работи да го усогласи текстот на Стратегијата со укажувањата на Секретаријатот за европски прашања.

2. Го прифати Акцискиот план за спроведување на Стратегијата на Република Северна Македонија за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот за периодот 2021-2023 година.

**Точка 35**

Владата ја донесе Одлуката за воспоставување дипломатски односи меѓу Република Северна Македонија и Република Филипини, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи Министерството за надворешни работи да го има предвид укажувањето на Министерството за финансии, односно фискалните импликации Министерството за надворешни работи да ги обезбеди во рамки на планираниот буџет на ресорното министерство.

**Точка 36**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање согласност на Министерството за правда за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, со Предлог – одлука, го усвои и ја донесе Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на

правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање, и уништување на отпад, во предложениот текст.

**Точка 37**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за одбрана, во предложениот текст.

**Точка 38**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за одбрана, во предложениот текст.

**Точка 39**

Владата го разгледа новиот текст на Предлогот на закон за материјално обезбедување на невработените лица поради приватизацијата на претпријатијата со доминантна сопственост на државата, по скратена постапка, го утврди и заклучи согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика и м-р Енвер Хусеин, заменик на министерот за труд и социјална политика, а за повереници Ресми Ејупи, државен секретар во Министерството за труд и социјална политика и Мирјанка Алексевска, раководител на сектор во Министерството за труд и социјална политика.

**Точка 40**

Владата ја донесе Уредбата за методологија за утврдување на критериумите за распределба на блок дотации од областа на културата во 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 41**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за одземање на одобрение за основање на приватна установа за деца-детска градинка „Бушава азбука – кидс“ во Скопје, со одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за одземање на одобрение за основање на приватна установа за деца–детска градинка „Бушава азбука – кидс“ во Скопје, во предложениот текст.

**Точка 42**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за Национална стратегија за дроги на Република Северна Македонија 2021-2025 и Акциски план 2021-2023

година за спроведување на Националната стратегијата за дроги, со Предлог националната стратегија за дроги на Република Северна Македонија 2021-2025 и Предлог акцискиот план 2021-2023 година за спроведување на Националната стратегијата за дроги и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Ја донесе Националната стратегија за дроги на Република Северна Македонија 2021-2025, во предложениот текст.

2. Го донесе Акцискиот план 2021-2023 година за реализација на Националната стратегија за дроги на Република Северна Македонија 2021 – 2025, во предложениот текст.

3. Се задолжуваат: Министерството за здравство, Министерството за внатрешни работи, Министерството за образование и наука, Министерството за правда, Министерство за правда – Управа за извршување на санкциите, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за финансии-Царинска управа, Министерство за финансии-Финансиска полиција и Агенцијата за млади и спорт, да ја известуваат Меѓуресорската државна комисија за борба против недозволено производство, трговија и злоупотреба на дроги за преземените активности на квартално ниво.

4. Се укажува на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија да ги спроведе активностите согласно Акцискиот план и на квартално ниво да ја известува Меѓуресорската државна комисија за борба против недозволено производство, трговија и злоупотреба на дроги за преземените активности.

5. Се препорачува на Град Скопје да ги спроведе активностите согласно Акцискиот план и на квартално ниво да ја известува Меѓуресорската државна комисија за борба против недозволено производство, трговија и злоупотреба на дроги за преземените активности.

6. Се задолжува Меѓуресорската државна комисија за борба против недозволено производство, трговија и злоупотреба на дроги, на годишно ниво до Владата да доставува информации за степенот на реализација на Акцискиот план, се до конечна реализација на истиот.

## Точка 43

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Информацијата за измена на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштвото за производство, услуги и трговија на големо и мало „Фрст медикал канабис“ увоз-извоз ДООЕЛ Битола, со Предлог-одлука, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за човечки ресурси и одржлив

развој, поради потребата предлагачот да го усогласи материјалот со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 44**

Владата го симна од Дневниот ред Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за државјанството на Република Македонија, по скратена постапка, поднесен од група пратеници.

**Точка 45**

Владата го разгледа Извештајот за реализација на Годишната програма за работа и развој на Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2020 година, проследен со финансиско-сметководствени извештаи, заедно со Извештајот на независниот ревизор и притоа го утврди следното мислење:

Согласно наведеното во Извештајот за остварениот финансиски резултат на Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2020 година, дел 1.2 Извештај за останатата сеопфатна добивка-Биланс на успех, за период од 1.1.2020 година до 31.12.2020 година (по групи на сметки), во 2020 година Агенцијата за цивилно воздухопловство, остварила вкупни приходи во износ од 85.421.006,00 денари и вкупни расходи во износ од 153.966.847,00 денари.

Согласно Извештајот на независниот ревизор, финансиските извештаи ја прикажуваат веродостојно и објективно, во сите материјално значајни аспекти, финансиската состојба на Агенцијата за цивилно воздухопловство на 31 декември 2020 година, како и неговата финансиска успешност и паричните текови за годината што тогаш завршува, во согласност со сметководствените стандарди за финансиско известување кои се прифатени и објавени во Република Северна Македонија, со нагласување на прашањето поврзано со евиденцијата на основачкиот капитал на Агенцијата за цивилно воздухопловство.

Врз основа на претходно наведеното, Владата на Република Северна Македонија нема забелешки по однос на доставениот материјал, со укажување дека е потребно Агенцијата за цивилно воздухопловство да извести за активностите кои се преземаат од страна на надлежните органи за постапување по дадените забелешки од страна на независниот ревизор.

**Точка 46**

Владата го разгледа Годишниот извештај на Агенцијата за супервизија на осигурување за состојбата и движењата на осигурителниот пазар во 2020 година и притоа го утврди следново мислење:

Годишниот извештај за состојбата и движењата на осигурителниот пазар во Република Северна Македонија во 2020 година е подготвен согласно член 158-о од Законот за супервизија на осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/02, 84/02, 98/02, 33/04, 88/05, 79/07, 8/08, 88/08, 56/09, 67/10, 44/11, 112/11, 7/12, 30/12, 45/12, 60/12, 64/12, 23/13, 188/13, 43/14, 112/14, 153/15, 192/15, 23/16, 83/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/19 и 31/20), според кој Агенцијата за супервизија на осигурување подготвува Годишен извештај за состојбата и движењата на пазарот на осигурување и го доставува, најдоцна до 30 јуни од тековната година за претходната деловна година, до Собранието на Република Северна Македонија на усвојување.

Согласно Извештајот, на крајот на 2020 година на пазарот на осигурување во Република Северна Македонија активно работат 16 друштва за осигурување, од кои 11 друштва вршат работи на неживотно осигурување, а 5 осигурување на живот. Во текот на 2020 година активни се 40 осигурително брокерски друштва, 10 друштва за застапување во осигурување и 7 банки кои вршат работи на застапување во осигурување, при што бројот на осигурително брокерските друштва во однос на претходната година е зголемен за едно осигурително брокерско друштво.

Бруто полисираната премија остварена во 2020 година е во вкупен износ од 10,06 милијарди денари, што претставува пад од 4,89% во однос на бруто полисираната премија остварена во 2019 година која изнесувала 10,58 милијарди денари. Кај неживотно осигурување бруто полисираната премија е во износ од 8,32 милијарди денари (2019: 8,75 милијарди денари), односно намалување од 4,88% во однос на истиот период од претходната година. Кај осигурувањето на живот бруто полисираната премија е во износ од 1,74 милијарди денари (2019: 1,83 милијарди денари), што претставува пад од 4,93% во однос на 2019 година.

Друштвата за осигурување на крај на 2020 година располагаат со средства во износ од 25,67 милијарди денари и бележат пораст од 7,34% во однос на претходната година (2019: 23,92 милијарди денари).

Капиталот на осигурителниот сектор е 4,3 пати над нивото на маргината на солвентност, што укажува на стабилноста на осигурителниот сектор.

Во 2020 година, друштвата за осигурување оствариле добивка во износ од 456,81 милиони денари, која е за 1700% повисока во однос на 2019 година која изнесувала 25,37 милиони денари во 2019 година. Зголемувањето на профитабилноста на друштвата за осигурување е резултат на намалувањето на бруто резервите за преносни премии во 2020 година и намалувањето на нето настанатите штети за 2020 година.

Со оглед на тоа што во Годишниот извештај за состојбата и движењата на осигурителниот пазар во 2020 година се презентирани реалните состојби во осигурителниот сектор, Владата на Република Северна Македонија дава позитивно

мислење по Извештајот и препорачува на Собранието на Република Северна Македонија да го усвои истиот.

## Точка 47

Владата ги разгледа финансиските извештаи на Агенцијата за супервизија на осигурување за 2020 година, со Извештај од независен ревизор и притоа го утврди следното мислење:

Финансиските извештаи се подготвени согласно член 158-њ од Законот за супервизија на осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/02, 84/02, 98/02, 33/04, 88/05, 79/07, 8/08, 88/08, 56/09, 67/10, 44/11, 112/11, 7/12, 30/12, 45/12, 60/12, 64/12, 23/13, 188/13, 43/14, 112/14, 153/15, 192/15, 23/16, 83/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19 и 31/20), според кој Советот на експерти е должен најдоцна до 30 јуни во тековната година да достави до Собранието на Република Северна Македонија финансиски извештаи за претходната година ревидирани од овластен ревизор.

Во 2020 година Агенцијата остварила приходи од работење во износ од 91 милиони денари кои се за 6,8% повеќе во однос на 2019 година и расходи во износ од 50,5 милиони денари кои се за 6,7% помали во однос на 2019 година. Агенцијата во 2020 година остварила вишок на приходи во износ од 40,4 милиони денари кои се за 29,9% повисоки во однос на 2019 година.

Во вкупните приходи од работењето најголемо е учеството на приходите од надоместоци кои изнесуваат 88,4 милиони денари кои во вкупните приходи учествуваат со 97,1%. Во вкупните расходи на Агенцијата за 2020 година, највисоко е учеството на расходите за плати и надоместоци на вработените кои изнесуваат 34,4 милиони денари, кои се за 16,6% повисоки во однос на 2019 година кога изнесувале 29,5 милиони денари.

Согласно мислењето на независниот ревизор, финансиските извештаи на Агенцијата за 2020 година, ја прикажуваат реално во сите материјални аспекти финансиската состојба на Агенцијата.

По однос на ревидираните финансиски извештаи на Агенцијата за супервизија на осигурување за 2020 година Владата на Република Северна Македонија нема забелешки.

## Точка 48

Владата го разгледа Годишниот извештај за работењето на Агенцијата за супервизија на осигурување за 2020 година и притоа го утврди следново мислење:

Годишниот извештај за работењето на Агенцијата за супервизија на осигурување за 2020 година е подготвен согласно член 158-п од Законот за супервизија на

осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/02, 84/02, 98/02, 33/04, 88/05, 79/07, 8/08, 88/08, 56/09, 67/10, 44/11, 112/11, 7/12, 30/12, 45/12, 60/12, 64/12, 23/13, 188/13, 43/14, 112/14, 153/15, 192/15, 23/16, 83/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.01/19 и 31/20), според кој Агенцијата за супервизија на осигурување подготвува годишен извештај за своето работење и го доставува, најдоцна до 30 јуни од тековната година за претходната деловна година, до Собранието на Република Северна Македонија на усвојување.

Во Годишниот извештај за работењето на Агенцијата за супервизија на осигурување за 2020 година, презентирани се активностите на Агенцијата поврзани со нормативната дејност, издавање и одземање дозволи, согласности, лиценци, вршење супервизија на учесниците на пазарот на осигурување, заштита на потрошувачи, едукација и организирање обуки.

Во делот на регулативата, во 2020 година, донесени се 16 правилници, издадени се дозволи, согласности и лиценци.

Агенцијата спроведувала супервизија на осигурителните субјекти преку перманентна вонтеренска супервизија со прибирање и анализирање на доставените извештаи и информации и преку теренска (целосна или делумна) супервизија. Согласно Извештајот, во текот на 2020 година, Агенцијата има спроведено 2 теренски супервизии кај друштва за осигурување. Врз основа на наодите од спроведените вонтеренски супервизии, Агенцијата за супервизија на осигурување има изречено 26 супервизорски мерки од кои 21 наредба за отстранување на незаконитости и 5 дополнителни мерки на супервизија кон друштва за осигурување. Во 2020 година, спроведени се и 12 постапки за порамнување преку доставување на прекршочни платни налози.

Во делот на лиценцирањето, во 2020 година, Агенцијата има издадено 2 дозволи за вршење на осигурително брокерски работи, 3 дозволи за воведување нова класа на осигурување, 15 согласности за вршење функција член на орган на управување, 8 согласности за измена на Статут и други согласности. Исто така, Агенцијата во 2020 година има издадено 204 лиценци за застапници во осигурувањето и 33 лиценци за осигурителни брокери. Во 2020 година е одземена 1 дозвола за вршење работи на застапување во осигурување и 31 лиценца за застапник во осигурување.

Во насока на постигнување високо ниво на заштита на потрошувачите, во текот на 2020 година, Агенцијата ги продолжила активностите за едукација на граѓаните за значењето и улогата на осигурувањето, како и информирање за правата и обврските на осигурениците кои произлегуваат од различни производи на осигурување. Во текот на 2020 година, до Агенцијата се поднесени 88 претставки од кои 71 претставка е решена (12 претставки се без основа за постапување, 2 се во процес на решавање и 3 претставки се повлечени).

Имајќи предвид дека Агенцијата за супервизија на осигурување во 2020 година ги извршувала своите активности во согласност со законските овластувања и преземала мерки за непречено функционирање на осигурителниот сектор, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да го усвои Годишниот извештај за работењето на Агенцијата за супервизија на осигурување во 2020 година.

## Точка 49

Владата го разгледа Годишниот извештај за работењето на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување во 2020 година и Финансиските извештаи за 2020 година, ревидирани од надворешен овластен ревизор и притоа го утврди следново мислење:

Според член 46 од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија" број 29/2002, 85/2003, 40/2004, 113/2005, 29/2007,88/2008, 48/2009, 50/10, 171/10, 36/11, 98/12, 13/13, 164/13, 44/14, 192/15, 30/16, 21/18, 245/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 180/19 и 103/21), Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување е самостојно и независно регулаторно тело и за својата работа одговара пред Собранието на Република Северна Македонија.

Работењето на Агенцијата, согласно Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување се финансира од надоместоците кои Агенцијата ги наплатува од пензиските друштва. Висината на надоместоците ја утврдува Советот на експертите, за кои согласност дава Собранието на Република Северна Македонија и тие се објавуваат во „Службен весник на Република Северна Македонија". Врз основа на анализа на приходната и расходната страна од финансирањето, Агенцијата за 2020 година наплатува месечен надоместок од пензиските друштва во висина од 0,8%.

Согласно член 54 став (2) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, Агенцијата поднесува извештај за својата работа за претходната година за усвојување до Собранието на Република Македонија, до 30 јуни во тековната година. Врз основа на доставениот Годишен извештај за работењето на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување во 2020 година, Агенцијата се грижи за правата и интересите на 529.983 членови во задолжителните пензиски фондови и 26.016 членови во доброволните пензиски фондови. Вкупната вредност на средствата на сите фондови во 2020 година изнесува над 1,46 милијарди евра.

Агенцијата, како тело за супервизија во капитално финансираното пензиско осигурување, врши теренска и вонтеренска контрола на работењето на пензиските друштва и пензиските фондови, врз база на извештаи и информации доставени од пензиските друштва, Фондот на пензиско и инвалидско осигурување и од чуварите

на имот на пензиските фондови. Во 2020 година, Агенцијата извршила по една редовна контрола на КБ Прво пензиско друштво АД-Скопје и Сава пензиско друштво АД-Скопје и две контроли во Триглав пензиско друштво АД-Скопје за работата на пензиските друштва и контрола на нивното управување со средствата на задолжителните и доброволните пензиски фондови. Во 2020 година е спроведена контрола и кај чуварот на имот Комерцијална банка АД Скопје.

Агенцијата врз основа на констатациите и забелешките од извршената контрола на трите пензиски друштва и чуварот, има издадено 5 укажувања и 66 препораки на трите пензиски друштва и едно укажување и една препорака на чуварот на имот.

Укажувањата и препораките се во насока на подобрување на работењето на друштвата и чуварите на имот.

Во текот на 2020 година, Комитетот за оценка на ризици одржал 4 состаноци на кои бил разгледан Предлог-планот за спроведување на теренските контроли во 2021 година, биле разгледани записниците од спроведените теренски контроли во пензиските друштва, биле разгледувани и анализирани ризиците во капитално финансираното пензиско осигурување.

Во 2020 година Агенцијата подготви иницијатива за измена и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување и Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување, кои измени се однесуваат пред сé на инструментите за инвестирање на средствата на пензиските фондови, дефинирање на видовите на одобренија кои Агенцијата ги дава на пензиските друштва, прецизирање на надлежностите на внатрешен и надворешен ревизор и други измени кои произлегуваат од секојдневното работење.

Агенцијата во 2020 година има донесено пет правилници, Одлука за висината на месечниот надомест што Агенцијата го наплатува од пензиските друштва за 2020 година и две Упатства, кои се однесуваат на процесите на работењето. Исто така, Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување има спроведено постапки за давање на одобренија и согласности по барање на пензиските друштва.

Комисијата за одлучување по прекршок, во текот на 2020 година постапила по единаесет предмети, додека Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување учествувала во три постапки покренати со тужби од страна на членови на задолжителен пензиски фонд пред Управниот суд на Република Северна Македонија.

Во 2020 година, од еден во друг пензиски фонд преминале вкупно 3.046 члена и тоа, во Триглав пензиско друштво АД-Скопје преминале 2.774 члена, во КБ Прв отворен задолжителен пензиски фонд преминале 112 члена, додека во Отворен задолжителен пензиски фонд Сава пензиски фонд преминале 160 члена. Во однос

на членови кои се стекнале со бенефициран стаж, од вкупно 414 члена кои имале право на одлука, 28 дале изјава за продолжување на членството во задолжителен пензиски фонд, додека на 386 им престанало членството.

Во делот на активности поврзани со агенти на пензиските друштва, Агенцијата организирала две испитни сесии, во октомври и декември при што од 132 пријавени кандидати за полагање на испитот положиле 69 или 52% од присутните кандидати. Во 2020 година, Агенцијата изврши регистрација на вкупно 88 агенти во трите пензиски друштва.

Како и во изминатите години, Агенцијата продолжила со едукативната кампања, со цел финансиска едукација и развивање на свеста на јавноста за значењето на пензиското штедење, со поголемо внимание кај младата популација. Во период од 15.9.2020 до 15.11.2020 година, Агенцијата спровела информативна кампања под мотото „Ако ти е рано за пензија не ти е рано за пензија.мк", која се спровела преку интернет. Исто така, во рамките на едукативната кампања се спровела и активноста 15 Септември-Ден на пензиска свесност. Агенцијата во текот на 2020 година активно учествувала во активностите на Координативното тело за финансиска едукација, кое се состои од финансиските регулаторни тела како Народна банка на Република Северна Македонија, Министерството за финансии, Агенцијата за супервизија на осигурување и Комисијата за хартии од вредност. Агенцијата активно учествувала во подготовка на Стратегијата за финансиска едукација и финансиска инклузија и заштита на потрошувачи 2020-2025 година. Во 2020 година, Агенцијата подготвила 12 месечни билтени, 4 квартални статистички извештаи и еден годишен статистички извештај.

Во однос на ревидираните финансиски извештаи за 2020 година, Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, согласно член 56 став (1) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, најдоцна до 30 јуни во тековната година, доставува финансиски извештаи за претходната година ревидирани од надворешен овластен ревизор согласно со меѓународните ревизорски стандарди до Собранието на Република Северна Македонија.

Во прилог на Годишниот извештај за работењето се содржани Извештај од независен ревизор по однос на извршената ревизија на финансиските извештаи на Агенцијата, Финансиски извештаи на Агенцијата, што ги вклучува и билансот на приходи и расходи за деловната 2020 година, билансот на состојба на 31 декември 2020 година, како и преглед на значајни сметководствени политики и други белешки.

Согласно мислењето на овластениот ревизор, финансиските извештаи објективно ја презентираат финансиската состојба, како и финансиска успешност на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, за

2020 година, во согласност со законските прописи во Република Северна Македонија што го регулираат работењето на непрофитните организации.

Во финансиските извештаи на Агенцијата за 2020 година, се прикажани билансот на приходи и расходи со состојба од 1 јануари до 31 декември 2020 година, биланс на состојба заклучно со 31 декември 2020 година и белешки кон финансиските извештаи за подетално појаснување на одделни позиции дадени во финансиските извештаи.

Според Билансот за приходи и расходи за 2020 година, вкупните приходи на Агенцијата изнесуваат 81.264.162 денари, кои во однос на претходната година се зголемени за 4,73% што се должи на зголемените приходи врз основа на надоместоци како резултат на зголемениот број на членови во вториот и третиот пензиски столб, како и зголемувањето на просечната бруто плата во Република Северна Македонија. Вкупните расходи изнесуваат 48.771.492 денари, и се намалени за 686.000 денари или за 1,39% во однос на претходната година.

Позначително зголемување на расходите во однос на претходната година (зголемување од 171%), се забележува кај категоријата „средства за опрема" поради набавка на компјутерска опрема и набавка на противпожарен систем, додека добивката пред оданочување изнесува 32.492.670 денари, која е за 15,48% повисока во однос на претходната година.
Според Билансот на состојба, заклучно со 31 декември 2020 година, вкупните средства на Агенцијата изнесуваат 168.276.757 денари.

Во дадените белешки, се нотира дека од вкупните приходи 80.417.969 денари се приходи остварени по однос на надоместоци кои ги наплатува Агенцијата од пензиските друштва. Согласно Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, Агенцијата наплатува од пензиските друштва 0,8% месечен надоместок од вкупниот придонес уплатен во претходниот месец во пензиските фондови со кои управуваат пензиските друштва. Согласно закон, овој надоместок е утврден со Одлука за висина на месечниот надомест за 2019 година што Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување го наплатува од пензиските друштва („Службен весник на Република Македонија" бр. 312/2020).

Исто така, Агенцијата наплатува надоместоци од пензиските друштва и за други услуги, врз основа на Одлука за утврдување на висината на надоместоците што Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување ги наплатува од пензиските друштва („Службен весник на Република Македонија" бр. 51/2014). Во однос на вкупните расходи, најголеми износи претставуваат следните ставки: плати, персонален данок и придонеси од плати за вработените на Агенцијата со износ од 25.875.845 денари, други капитални средства, издатоци за реклама и репрезентација, интелектуални услуги, дневници за службени патувања и патни трошоци со износ, наемнини итн. Во 2020 година Агенцијата остварила вишок на приходи над остварени расходи, кој во целост се распределува во резервен

фонд на Агенцијата. За 2020 година нето добивката изнесува 32.492.670 денари, додека акумулираната нето добивка изнесува 134.396.997 денари.

Врз основа на горенаведеното Владата на Република Северна Македонија нема забелешки по Годишниот извештај за работењето на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување во 2020 година и Финансиските извештаи за 2020 година, ревидирани од надворешен овластен ревизор.

## Точка 50

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 173 став (12) а во врска со членот 175 став (2) од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18), поднесено од пратениците Халил Снопче, Зеќир Рамчиловиќ, Бисера Костадиновска-Стојчевска, Иванка Василевска и Хусни Исмаили и притоа го утврди следново мислење:

Врз основа на член 173 став 13 од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, наставни и соработнички звања на универзитетот поблиску се уредува со општ акт на универзитетот, односно на самостојната висока стручна школа.

Врз основа на член 174 став 8 и став 9 од Законот за високото образование, при мирување на работниот однос, лицето избрано во наставно-научно, наставно-стручно, наставно или соработничко звање, има право да врши високообразовна дејност на прв циклус на студии без финансиски надомест.
Лицето избрано во наставно-научно, наставно-стручно или наставно звање, на кое му мирува работниот однос, има право да држи предавања и да биде ментор на втор и трет циклус на студии, како и да врши други активности од високообразовната дејност.

Согласно член 176 став 3, времето за распишување на конкурсот од ставот (1) на овој член се продолжува за времето кое е поминато на породилно отсуство, боледување подолго од три месеци, како и мирување на работниот однос во случаи определени со закон. На барање на лицето, рокот не мора да се продолжи.

Имено, со член 173 став 12 од Законот за високото образование се уредува дека изборот во звање е основа за засновање на работен однос на определено, односно неопределено време, додека со членот 175 став 2 од Законот за високото образование се уредува дека на редовниот професор на факултет, односно уметничка академија со изборот заснова работен однос на неопределено време и го задржува звањето редовен професор.

Имајќи предвид дека одредбите од член 173 став (12) и член 175 став (2) од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18) се прецизни и јасни, Владата на Република Северна Македонија му предлага на

Собранието на Република Северна Македонија дека нема потреба од давање на автентично толкување на член 173 став (12), а во врска со членот 175 став (2) од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), поднесено од група пратеници.

**Точка 51**

Владата го одложи разгледувањето на Посебниот извештај за попречување на работата до непосредно повисокиот орган, поради потребата Министерството за информатичко општество и администрација, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за надворешни работи, Министерство за политички систем и односи меѓу заедниците, ЗЕЛС, Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „ЈАСЕН"-Скопје, Фондот за осигурување на депозити, Државниот инспекторат за труд, Државниот девизен инспекторат, АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост, АД ЕЛЕМ, АД Водостопанство на Република Северна Македонија, Агенцијата за филм, Бирото за судски вештачења и Агенцијата за лекови и медицински средства да достават одговор по Барањето и ургенциите на Народниот правобранител на Република Северна Македонија, во врска со доставување податоци за соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците и податоците за полова структура и степен на образование за 2020 година до Народниот правобранител.

**Точка 52**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Наташа Велеска од Прилеп за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 34102 за КО Прилеп и Имотен лист бр. 40295 за КО Прилеп и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 53**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Сихана Зибери-Шабани од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 105595, за КО Бутел, на КП бр. 4481, Викано место/улица Македонско-косовска бригада бр. 60 и Имотен лист бр. 16273, за КО Бутел, на КП бр. 4481, Викано место/улица Македонско-косовска бригада и по Понудата го усвои Известувањето од Министерството за транспорт и врски.

**Точка 54**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Љупчо Јорданов од Радовиш за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.82496 за КО Радовиш на КП бр. 4517/1 за викано место/улица Бул.А.Македонски и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 55**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Виолета Петровска-Стефановска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.65518 за КО Волково на КП бр.231, викано место/улица Кремењарник и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 56**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Јасмина Радончиќ од Скопје за продажба на недвижен имот – градежно земјиште кое претставува 636/734 идеален дел од КП бр.1133/4 и КП бр.1138/3, викано место/улица ул.840 БИС, КО Маџари, со Имотен лист бр.68654 и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 57**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Лидија Смиљаноска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.93570 за КО Чаир на КП бр.1472,1474,1475 и 1476 и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

**Точка 58**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ана Брашнарска од Скопје за продажба на недвижен имот на КП бр.1947/1 со Имотен лист бр.736 за КО Бардовци и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 59**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Трајко Маркоски од Прилеп за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.36989 за КО Прилеп на КП бр.18017/3, Имотен лист бр.36990 за КО Прилеп на КП бр.18017/1 и Имотен лист бр.34174 за КО Прилеп на КП бр.18017/1 и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 60**

1. Владата го именува Зулфиќар Зејнулаи, досегашен вршител на должноста заменик на директорот на Дирекцијата за заштита и спасување, за вршител на

должноста заменик на директорот на Дирекцијата за заштита и спасување и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

2. Владата на Ирфан Бучи, разрешен од должноста заменик на директорот на Царинската управа, орган во состав на Министерството за финансии, му утврди право за остварување плата по престанувањето на функцијата за време од 12 месеци, сметано од 15.6.2021 година до 15.6.2022 година.

3. Владата заклучи да му препорача на Управниот одбор на Јавното претпријатие Национална радиодифузија-Скопје, Мухамед Цури, да го именува за вршител на должност, заменик на директорот на ЈП Национална радиодифузија.

4. Владата го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија (стручната служба надлежна за организација на работата на Комисијата за именување) редовно и прегледно да ја известува Комисијата за именување (во делот на важноста/истекувањето на мандатот на избраните и именуваните лица во надлежност на Владата), односно да се изготви целосен систематизиран преглед на сите избрани и именувани лица во надлежност на Владата, со датум на именување, потребни услови за именувањето, важност на мандатот и сл..

<u>**Точка 61**</u>

1. Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење, со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 1 јули 2021 година до 7 јули 2021 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

2. Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на територија на Република Северна Македонија, заради заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2 и заради спречување од негово ширење во зголемен обем со што се загрозува безбедноста на здравјето на населението, за период од 3 јули 2021 година до 9 јули 2021 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до

Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

3. Владата по Записникот од состанокот на Комисијата за заразни болести, одржан на 12 јули 2021 година, со протокол го прифати Протоколот за организирање на државни настани на отворено во време на пандемија со COVID – 19, доставен од Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство.

Согласно ова, Владата донесе Одлука за изменување на Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена.

4. Владата ја разгледа Информацијата за организација на Економски форум за регионална соработка на 28 и 29 јули 2021 година во Скопје, ја усвои Информацијата и ги донесе следните заклучоци:

1) Се задолжува Секторот за односи со јавноста при Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија за координација на организациските активности на Економскиот форум на 28 и 29 јули 2021 година.

2) Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да обезбеди набавка на неопходните угостителски и конференциски услуги за организација на Економскиот форум на високо ниво.

3) Се задолжува Министерството за внатрешни работи да ги преземе потребните безбедносни и сообраќајни мерки.

4) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да обезбеди службени возила за членовите на делегациите, знамиња, јарболи, говорници и други логистички и технички потреби за организација на Форумот.

5) Се задолжува Секторот за односи со јавноста при Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да ја известува јавноста и медиумите за активностите на Економскиот форум во Скопје на 28 и 29 јули 2021 година.

5. Владата заклучи Заклучокот по Точка 59 од Осумдесет и првата седница на Владата, одржана на 19 јануари 2021 година, во врска со потребата од изнаоѓање на решение за шест лица од Министерството за внатрешни работи претходно распределени во Агенцијата за национална безбедност, а кои во меѓувреме не можеле да обезбедат безбедносен сертификат, да се измени и да гласи:

„По повод укажувањата на Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи за потребата од изнаоѓање на решение за шест лица од Министерството за внатрешни работи претходно распоредени во Агенцијата за национална безбедност, а кои во меѓувреме не можеле да обезбедат безбедносен сертификат Владата го задолжи Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците да изнајде начин и соодветно на нивното образование да им понуди прераспоредување во друга институција".

6. Владата на предлог на д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација, заклучи на секоја редовна седница на Владата, во делот на „Пред преминување на Дневен ред", да се разгледува Агенда за дигитална трансформација.

7. Владата по повод Централна манифестација за прослава на јубилеј 30 години независност, 8 Септември, Денот на независноста ги донесе следните заклучоци:

1) Да се спроведе Јавна набавка за креативна, продукциска, техничка и организациска поддршка за реализација на серија активности и настани за одбележување на 30 години независност на Република Северна Македонија.

2) Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, во рок од 3 (три) дена, во координација со Секторот за односи со јавноста да спроведе јавна набавка за избор на агенција за креативна, продукциска, техничка и организациска поддршка за реализација на серија активности и настани за одбележување на 30 години независност на Република Северна Македонија.

3) Се задолжуваат сите министерства да назначат лице за координација на активностите за придонес кон организацијата на Дефилето во рамки на Централната манифестација и за тоа да достават известување до Секторот за односи со јавноста при Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија.

8. Владата го разгледа Барањето за назначување на претседател на Управен одбор кој ќе ја надгледува работата на Фондот и распределбата на мобилизираните средства, од Мултипартнерскиот фонд за животна средина и заклучи за претседавач на Управниот одбор да биде назначен Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање.

9. Владата во врска со дополнителните предлог – заклучоци по повод одбележувањето на државниот празник 2 Август – Денот на Републиката, заклучи:

1) Се задолжува ЈРП Национална радио-телевизија да обезбеди технички услови (студио) за знаковен толкувач кој ќе ги толкува обраќањата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, претседателот на Собранието на

Република Северна Македонија и Претседателот на Република Северна Македонија за време на прославата на националниот празник Илинден 2021.

2) Се укажува на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Кабинетот на претседателот на Собранието на Република Северна Македонија и Кабинетот на Претседателот на Република Северна Македонија да ги достават техничките спецификации за настаните до Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Генералштабот на Армијата на Република Северна најдоцна до 16 јули 2021 година, до 12 часот, за да се обезбеди навремено и непречено организирање на настаните.

3) Се укажува на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Кабинетот на претседателот на Собранието на Република Северна Македонија и Кабинетот на Претседателот на Република Северна Македонија да се усогласат и да ја прецизираат Програмата за одбележување на државниот празник 2 Август – Денот на Републиката.

**Точка 62**

Владата го разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на усогласеност на Спроведување на Законот за постапување со бесправно изградени објекти во Општина Струга, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата препорача на Општина Струга, во соработка со Министерство за транспорт и врски, да подготви акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители за имплементација на дадените препораки од Конечниот извештај за извршена ревизија на усогласеност на Спроведување на Законот за постапување со бесправно изградени објекти во Општина Струга и истиот во рок од 30 дена да го достави до Владата и до Државниот завод за ревизија.

**Точка 63**

Владата го разгледа Финансискиот извештај на Јавното претпријатие Колекторски систем Скопје, за периодот 1 јануари 2021 година-31 март 2021 година, како материјал за информирање.

**Точка 64**

Владата ја разгледа Информацијата за продажба на недвижна ствар во Скопје сосопственост од 7/51 идеален дел на Република Северна Македонија – корисник Министерство за финансии, како материјал за информирање.

**Точка 65**

Владата ја разгледа Информацијата за акциски план „Ефикасно третирање и справување со пластичниот отпад“, со нов корегиран текст на Акциски план, како материјал за информирање.

**Точка 66**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со можноста поставеноста на Националниот координативен центар за гранично управување да биде во рамките на Министерството за внатрешни работи, како материјал за информирање.

**Точка 67**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работа на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија за 2020 година, како материјал за информирање.

**Точка 68**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Информацијата на АД за производство на електрична енергија ЕСМ во државна сопственост, Скопје за состојбата со водоснабдување на РЕК Осломеј.

**Точка 69**

Владата ја разгледа Предлог – програмата за изменување и дополнување на Програмата за потребите од специјалистички и супспецијалистички кадри согласно со мрежата на здравствени установи (2019 – 2022) и ја донесе Програмата за изменување и дополнување на Програмата за потребите од специјалистички и супспецијалистички кадри согласно со мрежата на здравствени установи (2019 – 2022), со заклучок предлагачот текстот на Програмата редакциски да го усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 70**

Владата ги разгледа и ги усвои Информацијата за Предлог на национална стратегија за развој на пенитенцијарниот систем во Република Северна Македонија 2021-2025 година, и Предлог на Националната стратегија за развој на пенитенцијарниот систем во Република Северна Македонија 2021-2025 година.

**Точка 71**

Владата ја разгледа Информацијата за автентично толкување на член 21, став 1, точка 4 од Законот за данокот на добивка („Службен весник на Република Македонија“ бр.112/14, 129/15, 23/16, 190/16 и 248/18), со Предлог – барање, ја усвои

Информацијата и заклучи да поднесе барање за автентично толкување на член 21, став 1, точка 4 од Законот за данокот на добивка („Службен весник на Република Македонија“ бр.112/14, 129/15, 23/16, 190/16 и 248/18).

**Точка 72**

Владата го разгледа новиот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување, по скратена постапка, го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство и д-р Илир Хасани, заменик на министерот за здравство, а за повереник Татјана Васиќ-Бозаџиева, државен советник во Министерството за здравство.

**Точка 73**

Владата го разгледа Меморандумот за соработка помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска (Владата на Велика Британија) и го усвои со следниве заклучоци:

1. Го одобри склучувањето на Меморандумот за соработка помеѓу Владата на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска (Владата на Велика Британија), претставувана од Министерството за надворешни работи, работи на Комонвелтот и развој (ФЦДО), од амбасадорот на Нејзиното Величество, Рејчел Галовеј и Владата на Република Северна Македонија (корисник), претставувана од министерот за правда (корисник), м-р Бојан Маричиќ и Управата за извршување на санкциите на Република Северна Македонија (корисник) претставувана од Марјан Спасовски, директор на Управата за извршување на санкциите и Казнено-поправен дом Идризово (корисник), претставен од Јовица Стојановиќ, директор на КПД Идризово.

Меморандумот за соработка има за цел да се обезбеди поддршка на клучните сектори од Владата на Република Северна Македонија за да им се овозможи да го спроведат проектот „Воспоставување на пристап воден од разузнавање во Република Северна Македонија со цел побезбедно управување со казнено-поправните установи, што поттикнува меѓуинституциско работење“.

2. Го овласти м-р Бојан Маричиќ, министер за правда да ја претставува и во нејзино име да го потпише Меморандумот за соработка.

**Точка 74**

Владата ја разгледа Информацијата за формирање на работна група за ИКТ координација заради дигитализација на процесите и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација да номинира координатор и заменик-координатор на работна група за ИКТ координација заради дигитализација на процесите и во рок од три дена од денот на усвојувањето на оваа информација да ја достави номинацијата до заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси.

2. Се задолжуваат Министерството за одбрана, Министерството за внатрешни работи, Министерството за надворешни работи, Министерството за финансии, Министерството за здравство, Министерството за правда, Министерството за транспорт и врски, Министерството за економија, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за образование и наука, Министерството за локална самоуправа, Министерството за култура, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците и Секретаријатот за европски прашања, да номинираат член и заменик-член во работна група за ИКТ координација заради дигитализација на процесите и во рок од три дена од денот на усвојувањето на оваа информација да ги достават номинациите до заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси.

3. Се задолжува заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси, во рок од 15 дена од денот на усвојувањето на оваа информација да подготви и до Владата на Република Северна Македонија да достави решение за формирање на работната група за ИКТ координација заради дигитализација на процесите.

**Точка 75**

Владата условно ја донесе Одлуката за давање под долготраен закуп со непосредна спогодба на градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија за изградба на објекти од јавен интерес утврдени со закон, доколку предлагачот обезбеди позитивно мислење по материјалот од Министерството за транспорт и врски и текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 76**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата во врска со начинот на функционирање на мобилната лабораторија за испитување на квалитет на течни горива и потреба од нејзино доопремување со опрема за мострирање и тестирање на мазут за наредната седница на Владата, поради потребата истата да се разгледа во редовна владина постапка.

**Точка 77**

Владата ја разгледа Информацијата за обезбедени просторни услови за Државниот инспекторат за локална самоуправа согласно задолжението од 51-та седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на 9.3.2021 година, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и условно ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Државниот инспекторат за локална самоуправа, со заклучок предлагачот да го усогласи текстот на одлуката со Секретаријатот за законодавство, како и да обезбеди мислење од Агенцијата за катастар на недвижности.

**Точка 78**

Владата ја разгледа Информацијата за изменување на Протоколот Б кон Договорот за слободна трговија меѓу ЕФТА државите и Република Македонија кој се однесува на дефинирање на концептот „производи со потекло“ и методи на административна соработка, измена на Договорот за земјоделски производи склучен со размена на писма меѓу Република Македонија и Швајцарската Конфедерација, измена на Протоколот за земјоделство меѓу Република Македонија и Кралството Норвешка и измена на Протоколот за земјоделство склучен со размена на писма меѓу Република Македонија и Исланд ја усвои со следниве заклучоци:

1. Ги прифати усогласените текстови на:

одлуката на ЕФТА-Северна Македонија Мешовит Комитет Бр. 1 од 2021 за изменување на Протокол Б кон Договорот за слободна трговија меѓу ЕФТА државите и Република Македонија кој се однесува на дефинирање на концептот „производи со потекло“ и методи на административна соработка, заедно со:

-измена на Договорот за земјоделски производи склучен со размена на писма меѓу Република Македонија и Швајцарската Конфедерација,

-измена на Протоколот за земјоделство меѓу Република Македонија и Кралството Норвешка, и

-измена на Протоколот за земјоделство склучен со размена на писма меѓу Република Македонија и Исланд.

2. Се овластува министерот за економија, м-р Крешник Бектеши, како ко-претседател на Мешовитиот комитет за спроведување на Договорот за слободна трговија помеѓу Република Македонија и ЕФТА државите, да ги потпише: Предлог-одлуката на ЕФТА-Северна Македонија Мешовит комитет бр. 1 од 2021 за изменување на Протокол Б кон Договорот за слободна трговија меѓу ЕФТА државите и Република Македонија кој се однесува на дефинирање на концептот „производи со потекло“ и методи на административна соработка, измена на Договорот за земјоделски производи склучен со размена на писма меѓу Република Македонија и Швајцарската Конфедерација, измена на Протоколот за земјоделство меѓу Република Македонија и Кралството Норвешка и измена на Протоколот за земјоделство склучен со размена на писма меѓу Република Македонија и Исланд.

**Точка 79**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со извршената евалуација од Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина–мермер на локалитетот „с.Ореовец“ Општина Прилеп 6/2021 („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.123/21), со Предлог–одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минералната суровина–мермер на Друштво за производство, промет и услуги „Марнико“ увоз-извоз ДООЕЛ Прилеп на локалитетот „с.Ореовец“ Општина Прилеп, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 80**

Владата ја разгледа Информацијата за изменување и дополнување на Кодексот за етичко однесување за членовите на Владата и носителите на јавни функции именувани од страна на Владата, со Предлог-кодекс, ја усвои Информацијата и го утврди Кодексот за изменување и дополнување на Кодексот за етичко однесување за членовите на Владата и носителите на јавни функции именувани од страна на Владата, во предложениот текст.

**Точка 81**

Владата ја разгледа Информацијата со Анализа на просторните услови, човечките ресурси и на неопходните средства за работа на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, како материјал за информирање.

**Точка 82**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за донирање на неперспективен тип на оружје-ТОП ПАВ 20 мм М38 – четвороцевен (Н) на Министерството за одбрана на Република Словенија-Воен музеј на Република Словенија и притоа заклучи:

1. Ја усвои Информацијата за потребата од донирање на неперспективен тип на оружје – ТОП ПАВ 20 мм М38 – четвороцевен (Н) на Министерството за одбрана на Република Словенија, за истиот да биде изложен во Воениот музеј во Република Словенија.

2. Се задолжува Министерството за одбрана до крајот на 2021 година да го склучи Договорот за донација на неперспективен тип на оружје – ТОП ПАВ 20 мм М38 – четвороцевен (Н) со Министерството за одбрана на Република Словенија и да ја реализира донацијата на предметната движна ствар.

## Точка 83

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за државјанството на Република Македонија, по скратена постапка и го утврди со следниве заклучоци:

1. Министерството за внатрешни работи да се усогласи со Секретаријатот за законодавство, Секретаријатот за европски прашања и Министерството за правда по Изјавата за усогласеност на прописот со законодавството на Европската Унија со кореспондентни табели.

2. Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за државјанството на Република Македонија, по скратена постапка, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

3. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања во законодавната база на Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија 2021-2025, да го додаде Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за државјанството на Република Македонија, по скратена постапка и да му додели ЕПП број.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи и м-р Назим Буши, заменик на министерот за внатрешни работи, а за повереници, Магдалена Несторовска, државен секретар во Министерството за внатрешни работи и Весна Доревска, помошник на министерот за внатрешни работи.

## Точка 84

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за рамномерен регионален развој, по скратена постапка и условно го утврди со следните заклучоци:

1. Предлагачот да го усогласи текстот на Предлогот на закон со Секретаријатот за европски прашања и Секретаријатот за законодавство, како и да достави мислења од овие две институции.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за рамномерен регионален развој, по скратена постапка да се достави до Собранието, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа и Зоран Димитровски, заменик на министерот за локална самоуправа, а за повереници Кирил Партолов, државен секретар во Министерството за локална самоуправа и Славица Јакимовска, раководител на сектор во Министерството за локална самоуправа.

*

*        *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 15:55 часот.

| ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА |
| --- | --- |
| **Мухамед Зеќири** | **Зоран Заев** |